# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## Општина Гази Баба

29 ноември 2007 | Излегува по потреба | Година II | број 8



e-mail: contact@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба - Скопје за 2007 година**

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2007 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 27.11.2007 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4998/1**
**од 29.11.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2, од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М. бр.5/02) и член 29 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (" Службен весник на РМ" бр.61/04 ) Советот на Општината Гази Баба на дваесет и осмата седница , одржана на 27.11. 2007 година , донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на**
**Буџетот на Општина**
**Гази Баба - Скопје за 2007 година**

**Член 1**

Во потпрограмата М1 - Детски градинки Колона **наменски дотации**, се врши следната измена :

- на потставката 483290 износот **1.000.000.**- се заменува со износот **500.000.-**
- на потставката 425990 износот **1.200.000.**- се заменува со износот **1.400.000**
- на потставката 464910 износот **0.-** се заменува со износот **300.000.-**

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување , а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**бр.07- 4865/2**
**од 27.11.2007 г.**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кире Бузлиев с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Заклучокот за прифаќање на Буџетот на Општина Гази Баба - Скопје за 2008 година**

1. Се објавува Заклучокот за прифаќање на Буџетот на Општина Гази Баба за 2008 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 27.11.2007 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4998/2**
**од 29.11.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 151, став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба " бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и осмата седница одржана на 27.11.2007 година, разгледувајќи го Предлог-Буџетот на Општина Гази Баба за 2008 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За прифаќање на Предлог-Буџетот**
**на Општина Гази Баба за 2008 година**

1. Советот на Општина Гази Баба го прифаќа Предлог-Буџетот на Општина Гази Баба за 2008 година.

2. Предлог-Буџетот на Општината Гази Баба за 2008 година, да се даде на јавна расправа, и евентуалните мислења, предлози и забелешки по истиот да се доставаат во писмена форма до Секторот за финансии и буџет на Општина Гази Баба најдоцна до 14.12.2007 година.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-4865/3**
**од 27.11.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кире Бузлиев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за локалитет "Урбанистичка зона - Исток" (во граници: од Југ: Ул."Перо Наков" од Север: железничка пруга) -Скопје**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за локалитет "Урбанистичка зона -Исток" (во граници: од Југ: Ул."Перо Наков" од Север: железничка пруга) -Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 27.11.2007 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4998/3**
**од 29.11.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 24 став 6 и 7, а во врска член 26 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и осмата седница одржана на 27.11.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За донесување на Детален урбанистички план**
**за локалитет "Урбанистичка зона -Исток"**
**(во граници: од Југ ул."Перо Наков"**
**од Север: железничка пруга) - Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Деталниот урбанистички план за локалитет "Урбанистичка зона -Исток" (во граници: од Југ ул."Перо Наков" од Север: железничка пруга -Скопје.

**Член 2**

Со оваа Одлука се опфаќа просторот со површина од 14,97 ха со следните граници:

**- На Запад:** - Булевар "Војводина" и железничка пруга
**- На Север:** - железничка пруга Скопје-Белград
**- На Исток:** - КП 1046
**- На Југ:** - Ул."Перо Наков"

**Член 3**

Деталниот урбанистички план со Т.бр.2311/06 изготвен од АД за урбанизам, проектирање и инжинеринг "ЗУМ" -Скопје, содржи:

**- ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

**А. Текстуален дел**

**ВОВЕД**

**1. ПРОЦЕС НА РАБОТА, ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ПЛАНОТ**

**2. ГЕОГРАФСКА И ГЕОДЕТСКА МЕСТОПОЛОЖБА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, ГРАНИЦИ И ПОВРШИНИ**

**3. ИЗВОД ОД ГУП -СКОПЈЕ 2002**

**4. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ**

**5. СОСТОЈБА НА ПРИРОДНИТЕ И СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ**

**5.1. Природни карактеристики**
**5.2. Создадени вредности**
**5.3. Намена на површини и организација на просторот**

**5.3.1. Домување -А**
**5.3.2. Комерцијални деловни намени -Б**
**5.3.3. Производство, дисперција и сервиси -Г**
**5.3.4. Јавни институции -В**
**5.3.5. Градежен фонд на објектите**
**5.4. Нумерички показатели**

**6. КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА**
**6.1. Сообраќај**
**6.2. Хидротехничка инфраструктура**
**6.3. Електро-енергетска инфраструктура**

**7. ОЦЕНКА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ**
**7.1. Анализа на постојна состојба**

**Б. Графички прилози:**

**АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА**
**АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА -2**
**(Евиденција на изградени објекти без документација)**
**1. ИЗВОД ОД ГУП НА ГРАД СКОПЈЕ**
**2. ИЗВОД ОД ДУП -1987 М = 1 : 1000**
**3. СИНТЕЗЕН ПЛАН М = 1 : 1000**
**4. КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА М = 1 : 1000**

**- ПЛАНИРАН РАЗВОЈ**

**А.Текстуален дел:**

**ВОВЕД**

**1. ГРАНИЦА НА ЗАФАТ**
**2. ЦЕЛ НА ПРОЕКТОТ**
**3. ИЗВОД ОД ГУП НА ГРАД СКОПЈЕ**
**4. ПРОСТОРЕН КОНЦЕПТ И НАМЕНА НА ПОВРШИНИТЕ**
**5. ПОДЕЛБА И ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА МОДУЛИТЕ**
**6. СООБРАЌАЈНО И НИВЕЛАЦИОНО РЕШЕНИЕ**
**7. КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА**
**8. ЕНЕРГЕТСКА И Т.Т ИНФРАСТРУКТУРА**
**9. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА**
**10. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА**
**11. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА**

**Б.Графички прилози:**
**1. ИЗВОД ОД ГУП НА ГРАД СКОПЈЕ -2002**
**2. СИНТЕЗЕН ПЛАН**
**-ПЛАНИРАН РАЗВОЈ 2006-2011 ГОДИНА 1 : 1000**
**3. РЕГУЛАЦИОНЕН ПЛАН 1 : 1000**
**4. СООБРАЌАЈНО И НИВЕЛАЦИОНО РЕШЕНИЕ 1 : 1000**
**5. КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА 1 : 1000**

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за уредување на просторот се составен дел на планот, направени според Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05) и Правилник за поблиска содржина размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови ("Службен весник на РМ" бр.78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.78/06).

**Член 4**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Советот на Општина Гази Баба и потпис на претседателот на Советот на Општина Гази Баба.

**Член 5**

Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште на Општина Гази Баба, во рок од 30 дена од донесувањето на оваа Одлука ќе обезбеди комплетна документација за реализирање на Деталниот урбанистички план.

**Член 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови се чува, следи и за негова реализација ќе се грижи Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште на Општина Гази Баба.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Бр.07-4865/4**
**од 27.11.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кире Бузлиев, с.р.**

# СОДРЖИНА

1. ОДЛУКА за изменување и дополнување на Буџетот
на Општина Гази Баба – Скопје за 2007 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .2

2. ЗАКЛУЧОК за прифаќање на Предлог–Буџетот на Општина Гази Баба за 2008 година . . . . . . . . .4

3. ОДЛУКА за донесување на Детален урбанистички план за локалитет „Урбанистичка
зона –Исток„ (во граници: од Југ ул.„Перо Наков„ од Север: железничка пруга) – Скопје . . . . . . . .6

"Службен гласник на Општина Гази Баба"

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Љубомир Велевски
бул. Александар Македонски 6б - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 100 примероци